Извештај од шестите по ред “Денови на електротехника”

На 29.05.2017 година се одржаа Шестите по ред “Денови на електротехника”. Домаќин на оваа успешна манифестација е СЕТУГС Михајло Пупин –Скопје.

Нашето училиште зема учество на овој натпревар по физика и покажа исклучителни резултати и се рангираше меѓу првите десет училишта од вкупно 34 училишта на територијата на Град Скопје.

Оваа манифестација траеше три дена од кои првиот ден се одржа натпревар за учениците од деветто одделение , а за менторите се одржа предавање на тема - „Мотивацијата на учениците клучен фактор за успешност во наставата“од **Проф. д-р Зоран Велковски.**

Вториот ден беше посветен за посета на Хидроцентралата “Матка”,каде учениците воедно го разгледаа новоотворениот изложбен центар направен од ЕВН-Скопје .

Третиод ден на оваа престижна манифестација се одржа финален натпревар меѓу трите најдобро пласирани тимови од училишта на територија на Град Скопје и свечено се доделуваа дипломи и сертификати на учениците и нивните ментори.

